***Отворен ден за зајакнување на демократската клима во ООУ „Страшо Пинџур “ – село Мало Коњари 2021/22***

Отворен ден за Граѓанско образование - поттикнување на демократската клима во училиштето
(Под водство на директорката Ирена  Кироска и координаторот Гордана Конеска, наставник по граѓанско образование)

**Мото на отворениот ден: „ За  децата  од децата !“**



<u>Целта</u> на отворениот ден за граѓанско образование е поттикнување на чувство за одговорност помеѓу учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата, како и зајакнување на нивната иницијативност за преземање активности за позитивна промена во училиштето и во социјалната средина која ги опкружува. Исто така, преку активностите од отворениот ден се поттикнува демократската клима во училиштето, а секој ученик се мотивира да даде својата иницијатива за превземање на конкретни акции во својот ученички живот. Поттикнати за подобар социјален живот и за остварување на поголеми успеси, учениците, по пат на демократското учевство ги истакнуваат своите ставови со што лоцираат одреден проблем. По истакнување на проблемот се презентираат идеите и барањата за поддршка од возрасните, со чијашто помош, низ конкретни активности учениците преземаат акција за внесување промени т.е. надминување на лоцираниот проблем. На тој начин, учениците стекнуваат вештини т.е. учат да донесуваат одлуки и притоа се чувствуваат општествно одговорни затоа што со своите ставови и идеи придонесуваат кон унапредување на заедницата. Во ООУ „Страшо Пинџур“ село Мало Коњари, Прилеп, учениците своите идеи, ставови и знаења, одговорно ги афирмираа и ги преточија во конктретни иницијативи и активности со поддршка на: директорот на училиштето, наставниците, стручните соработници и родителите.

**АКТИВНОСТИ НА ОТВОРЕНИОТ ДЕН ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ:**

**Воведни активности** (во дворот на училиштето)**:** - Обраќање за целта и суштината на отворениот ден од ученичката од – VIIIа одделение Јована Каралиоска.

Презентирање на добиените резултати од спроведената анкета преку анкетен прашалник на учениците од VIII и IX одделение, а во однос на врсничкото насилство во училиштето и најзастапените видови на насилничко однесување во училиштето во кое беа опфатени 39 ученици - Обраќање на ученичката, за важноста од активно вклучување во кампањата за борба против насилството / Кампања: „16 Меѓународни дена на активизам против насилството и правата на детето“ под менторство на наставничката Гордана Конеска.



**Активност:**

- Ученици од 8а и 8б одделение се претставија со песната „Еколошка песна“ под менторство на наставничката по музичко образование Валентина Јовческа:



**Активност** - работилница и презентација од учениците од 8 и 9 одделение под мотото: „Кажи Не! Не насилство!“ под менторство на наставничката по граѓанско образование Гордана Конеска:











**Работилница:** Учениците од 6а, 7а, 8а имаа работилница за изработка на кеси од хартија под мотото: „Рециклирај, подарувај, пазарувај“ под менторство на наставничките по математика Каролина Најдоска и Неда Јовески, како и наставничката по англиски јазик Христина Стојчески:



**Работилница**: Учениците од 9а и 8а одделение изработија проект за правата на децата под мотото „Патуваме и правата ги споделуваме“ под менторство на наставничките Александра Маркоска-наставник по англиски јазик и Снежана Синадиноска-наставник по француски јазик:



**Дебата:** Учениците од 6б и 8а дебатираа за екологија и климатски промени под мотото „Сакај ја природата“ под менторство на наставничките Горица Богеска(наставник по биологија и природни науки) и Кристина Тодоровска (наставник по географија):






**Активност:**

Членовите на литературната секција изработија Литературен еко-кодекс под менторство на наставничките по македонски јазик Зорка Сотироска и Катерина Тодоровска:






**Активност:**

Под менторство на наставничката Ленче Петкоска со учениците од второ одделение, под мотото „Правата на децата “ и „Чувајќи ја природата се чуваме себе си!“ ги спроведоа следните работилници каде: рецитираа, цртаа, порачуваа:


Децата
имаат
право
2021/12/20 16:06


да... бидат сакани
2021/12/20 16:08


и од сите
почитувани.
2021/12/20 16:09


ЗЕЛЕНИ ФАБРИКИ
2021/12/22 15:57

**Активност:**

Под менторство на наставничката Мирјана Иваноска  со учениците од трето  и петто одделение,  под мотото „Правата на децата “ - ги изработија  следните пораки:








**Активност:**

Под менторство на наставничките Маја Бунтеска и Виолета Крстеска учениците од подрачното училиште во село Кадино Село имаа работилници за детските права и еколошки содржини:

 

**Активност:**

Под менторство на наставниците од  подрчното училиште во село ГОЛЕМО КОЊАРИ:

Првачињата под водство на насатвничката Јасмина Иваноска ги израаботија следните плакати:






Учениците од трето одделение  под водство на наставничката Марина Рунеска ги изработија следните пораки:









А  учениците од <u>петто</u> одделение,  под водство на <u>наставникот Киро Павлоски</u> спроведоа еко-акција  за чистење на училишниот двор :





**<u>24.12.2021</u> година  - Изработка на извештајот: наставничката по ГО  Гордана Конеска и училишниот психолог Лидија Нанеска Лажовска**